МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОБЛЕКА

II ГОДИНА

СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

техничар за дизајн на облека

Скопје, јуни 2006 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИSKИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОБЛЕКА

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: техничар за дизајн на облека
1.2.2. Образование: уметничко

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Стручно образование: предмет карактеристичен за образовниот профилот

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.4. Втора година

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен предмет

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***материјали за изработка на облека*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да ги објаснува основните фази на процесот на предење на текстилните влакна;
- да ги воочува физичко-механичките особини на предивата;
- да разликува дублирање и кончење;
- да ја познава примената на предивата;
- да ги објаснува фазите на подготовка на предивото за ткаење;
- да го познава технолошкиот процес на ткаење;
- да ги разликува основните видови преплетки на ткаенините;
- да познава видови тканини и нивната примена;
- да ги познава особините на неткаениот текстилен материјал;
- да разликува неткаен од ткаен текстилен материјал;
- да ја познава примената на неткаениот текстилен материјал при изработка на облека;
- да ги објаснува процесите за изработка на плетенините и работните елементи кои учествуваат при нивното формирање;
- да ги препознава основните типови плетачки машини;
- да ги познава специфичностите на плетените производи и нивната примена;
- да го истакнува значењето на дорабoтката на текстилните материјали;
- да развива позитивен однос кон извршување на задачите.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на наставните содржини и за постигнување на зацртаните цели по предметот ***материјали за изработка на облека*** потребно е ученикот да поседува знаења од *материјали за изработка на облека од I година.*

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структурирање на содржините за учење

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРЕДЕЊЕ	**20**	***Ученикот:*** - да ги набројува основните технологии на текстилот; - да го дефинира поимот предиво; - да набројува видови предива; - да ги разликува основните фази на процесот на предење на природни и хемиски влакна и нивните мешавини; - да ги воочува физичко-механичките особини на предивата; - да ги споредува процесите за предење памук, волна и хемиски влакна; - да го разликува процесот на премотување и добивање на кончано предено; - да ја познава соодветната примена на предивата;	- Презентирање на преглед на технологиите на текстил; - презентирање примероци од разни видови текстилни материјали за облека; - демонстрирање примероци на предива од различни фази на предење и од различни видови влакна; - шематско прикажување на процесот на предење на природни и хемиски влакна и нивните мешавини; - истакнување на физичко-механичките особини на предивата; - шематско прикажување на машините за изработка на памук, волна и хемиски влакна; - демонстрација на машините за премотување и кончење на шема;	

		- да ги познава општите мерки и правила за заштита при работа.	- презентирање примероци од дублирано и кончано предиво; - истакнување на примената на предивата (ткаенина, плете-нина, конец); - укажување на општите мерки и правила за заштита при работа.	
ТЕХНОЛОГИЈА НА ТКАЕЊЕ	**14**	- Да ги разликува фазите на подготовка на процесот за ткаење (основата и јатокот); - да ја разбира важноста за дизајнирање на ткаенината; - да го објаснува начинот на изработка на основните преплетки при ткаење; - да го познава значењето на правилниот избор на предивото за основа; - да го опишува механизмот на изработка на ткаенината; - да споредува особини на разни видови ткаенини и нивната примена.	- Објаснување на процесот на ткаење; - шематско опишување на ткајачкиот разбој; - укажување на поврзаноста меѓу јатокот и зевот преку цртеж; - споредување на основните видови преплетки; - демонстрирање дизајн на ткаенините.	
ТЕХНОЛОГИЈА НА НЕТКАЕН ТЕКСТИЛЕН МАТЕРИЈАЛ	**14**	- Да го дефинира поимот неткаен текстилен материјал; - да ги сфаќа особините на неткаен текстилен материјал;	- Објаснување на особините на неткаен текстилен материјал; - презентирање примероци од неткаен текстилен материјал;	

		- да споредува неткаен и ткаен текстилен материјал; - да го согледува значењето на подготовката на материјалот за изработка на неткаен текстилен материјал; - да го објаснува технолошкиот процес за добивање на неткаен текстилен материјал; - да ја познава примената на неткаениот текстилен материјал при изработка на облека.	- објаснување на процесот на изработка на неткаен текстилен материјал; - опишување на постапките на создавање руно; - демонстрирање шема за начинот на зацврстување на руното; - истакнување на примената на неткаениот текстилен материјал при изработка на облека.	
ТЕХНОЛОГИЈА НА ПЛЕТЕЊЕ	**12**	- Да ги познава основните законитости за изработка на плетенина и алатките кои учествуваат во нејзиното формирање; - да ја објаснува важноста на подготовката за плетење; - да го сфаќа процесот на формирање на котелци; - да ги познава основните типови на плетачки машини (плетачки, преплетувачки, основопреплетувачки); - да го објаснува принципот на работата на плетачките машини;	- Објаснување на поврзувањето на котелците при плетењето; - објаснување на функцијата на плетачките машини по шема; - дискусија за видот, својствата и примената на плетенините.	

		- да го познава значењето на преплетувањето и дизајнирањето на плетенините; - да ги разликува видовите, својствата и примената на плетенините.		
ДОРАБОТКА НА ТЕКСТИЛНИОТ МАТЕРИЈАЛ	**12**	- Да го истакне значењето на дорабoтката на текстилните материјали; - да ги разбира основните процеси на дорабoтката; - да разликува суров од доработен текстилен материјал; - да ги објаснува фазите на подготовка на текстилниот материјал за дорабoтка; - да го познава значењето на боите во процесот на боење, печатење и облагодорување; - да ги објаснува начините на нанесување на апретурни средства врз ткаенина и плетенина; - да ги познава мерките за заштитата при работа.	- Објаснување на основните процеси на дорабoтка; - презентирање на апарати за боење на текстилниот материјал на шема; - насочување дискусија во врска со дорабoтката на текстилниот материјал; - укажување на разликата меѓу суров и доработен текстилен материјал; - опишување на начините на нанесување на апретурни средства врз ткаенина и плетенина; - дискусија за значењето на заштитата при работата.	

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставниот предмет ***материјали за изработка на облека*** наставникот применува современи наставни методи со кои на ученикот му се дава можност да биде активен учесник во наставата. Овие методи (стратегии) подразбираат примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи и во парови.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: објаснува, демонстрира, опишува, анализира, споредува, дискутира, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигнувањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во: слушање, дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, читање и пишување, изработка на проектни задачи, цртање на шеми на машините за соодветната технологија, изработување домашни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно-образовната работа по наставниот предмет ***материјали за изработка на облека*** се реализира преку стручно-теоретска настава во специјализирана или кабинет-училница, опремена со наставни средства и помагала. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување и посета на производни погони од соодветните технологии на трговски друштва од текстилната дејност.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по наставниот предмет во зависност од тематската целина и наставната содржина, се користат разни наставни средства, помагала и материјали: графоскоп, компјутери, визуелни уреди, ЦД и ДВД дискови со снимени содржини кои се обработуваат во наставната програма, примероци од разни видови текстилни материјали за облека, предива од различни фази на предење и од различни видови влакна, примероци од премотано и кончано предиво, примероци од неткаен текстилен материјал, шеми, слики,

каталози и други наставни средства предвидени според Нормативот за наставни средства и помагала по наставниот предмет ***материјали за изработка на облека*** за образовниот профил техничар за дизајн на облека.

За поуспешно совладување на целите по предметот се користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за ученикот и наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата, умеењата, континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења кои се користат по обработка на секоја тематска целина. Секој ученик во текот на едно полугодие треба да добие најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот по наставниот предмет ***материјали за изработка на облека*** треба да ги поседува следниве индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да го познава литературниот јазик и писмо на кој се реализира наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ***материјали за изработка на облека*** ја реализираат кадри со завршени студии по технологија: текстилна насока и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***материјали за изработка на облека*** се реализира во специјализирана или кабинет-училница, опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил техничар за дизајн на облека.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај 2006 година

7.2. Состав на работната група:

1. Перо Наневски, раководител, советник, Биро за развој на образованието - Скопје
2. Ратка Јаневска, советник, Биро за развој на образованието - Скопје
3. Величе Цветановски, дипломиран текстилен инженер, директор, СУ на град Скопје „Кочо Рацин“-Скопје
4. Маре Рафајловска, дипл. текст. инж. наставник ДСУ „Гоце Стојчески“ - Тетово
4. Лира Грабулоска, член, наставник ДУПУ „Лазар Личеноски“ - Скопје
5. Андреа Пајтонџиев, член, дипл. текст. инж. текстилна фабрика „КАЛА“ - Скопје

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на примена: 01.09.2006 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***материјали за изработка на облека*** ја одобри министерот за образование со решение бр. 07-3851/16 од 29.06.2006 година.